Службен весник на Република Македонија

Број 55 **6 април 2015, понеделник** **година LXXI**

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

С О Д Р Ж И Н А

		Стр.
2064.	**Одлука** за давање согласност на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2014 година	**2**
2065.	**Одлука** за изменување на Одлуката за формирање на Меѓуресорско тело за човекови права	**2**
2066.	**Одлука** за давање на трајно користење на недвижни ствари на Националната установа Музеј - Куманово	**2**
2067.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи	**3**
2068.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи	**3**
2069.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда	**3**
2070.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Свети Николе	**3**
2071.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправна установа - Затвор Куманово	**4**
2072.	**Одлука** за давање согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Стрежево“ - Битола	**4**
2073.	**Решение** за определување на составот на Меѓуресорско тело за човекови права	**4**
2074.	**Правилник** за формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадените, одземените и продолжените конзерваторски лиценци, како и конзерваторските лиценци кои престанале да важат	**5**
2075.	**План** за намена и распределба на капацитети на дигитален терестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите	**7**
2076.	**Одлука** за определување највисоки цени на одделни нафтени деривати утврдени согласно Методологијата	**12**
2077.	**Статут** на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје (Пречистен текст)	**13**
	Огласен дел	**1-44**

ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2064.

Врз основа на член 18 од Законот за основање на Агенција за енергетика на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/05 и 41/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА ГОДИШНИОТ ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТА НА АГЕНЦИЈАТА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА 2014 ГОДИНА

1. Со оваа одлука се дава согласност на Годишниот извештај за работа на Агенцијата за енергетика на Република Македонија за 2014 година, бр.01-91/3 донесен од Управниот одбор на Агенцијата за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 28.1.2015 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-864/1
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2065.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/011, 15/13 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА МЕЃУРЕСОРСКО ТЕЛО ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

Член 1

Во Одлуката за формирање на Меѓуресорското тело за човекови права („Службен весник на Република Македонија“ број 55/12 и 147/12), членот 3 се менува и гласи:

„1. Меѓуресорското тело е составено од раководител и 16 претставници од следниве институции:

- Министерството за надворешни работи,
- Министерството за правда,
- Министерството за труд и социјална политика,
- Министерството за внатрешни работи,
- Министерството за образование и наука,
- Министерството за здравство,
- Министерството за финансии,
- Министерството за информатичко општество и администрација,
- Министерството за култура,
- Министерството за животна средина и просторно планирање,
- Секретаријатот за европски прашања,
- Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор,
- Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,
- Државниот завод за статистика,
- Дирекцијата за заштита на личните податоци и
- Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

2. Надворешни членови на Меѓуресорското тело се претставници на:

- Народниот правобранител на Република Македонија,
- Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- Комисијата за заштита од дискриминација и
- Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.“

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија”.

Бр.42-2798/1
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2066.

Врз основа на член 20 став 1 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 8/05, 150/07, 35/11, 166/12, 137/13, 188/13, 27/14 и 180/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ НА ТРАЈНО КОРИСТЕЊЕ НА НЕДВИЖНИ СТВАРИ НА НАЦИОНАЛНАТА УСТАНОВА МУЗЕЈ - КУМАНОВО

Член 1

Со оваа одлука на Националната установа Музеј - Куманово се даваат на трајно користење без надомест недвижни ствари – простории кои се наоѓаат на адреса Тодор Велков, лоцирани на КП бр.14286 КО Куманово, запишани во Имотен лист бр.3796, сопственост на Република Македонија, и тоа:

- просторија во зграда бр.1, намена на зграда В3-3, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зграда – ДП, со површина од 141 м2,
- просторија во зграда бр.1, намена на зграда В3-3, влез 1, кат МА, намена на посебен дел од зграда – ПП, со површина од 17 м2,
- просторија во зграда бр.1, намена на зграда В3-3, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел од зграда – П, со површина од 25 м2,
- просторија во зграда бр.1, намена на зграда В3-3, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда – ДП, со површина од 162 м2,

- просторија во зграда бр.1, намена на зграда В3-3, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда – ПП, со површина од 17 м2,
- просторија во зграда бр.2, намена на зграда А5-1, влез 1, кат ПО, намена на посебен дел од зграда – П, со површина од 22 м2,
- просторија во зграда бр.2, намена на зграда А5-1, влез 1, кат ПР, намена на посебен дел од зграда – Г, со површина од 22 м2.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2921/1
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2067.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи бр.09-1300/2 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/1
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2068.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр. 98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014) Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ОДЛУКА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна одлука на Министерство за внатрешни работи бр.09-1091/3 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/2
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2069.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Министерство за правда бр.09-662/3 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/3
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2070.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ОПШТИНА СВЕТИ НИКОЛЕ

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Општина Свети Николе бр. 09-661/3 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/4
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2071.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА КАЗНЕНО ПОПРАВНА УСТАНОВА - ЗАТВОР КУМАНОВО

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на Казнено поправна установа - Затвор Куманово бр. 09-1301/2 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/5
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2072.

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка („Службен весник на Република Македонија“ бр.98/2008, 145/2010, 104/2013, 187/2013, 43/2014 и 160/2014), Владата на Република Македонија, на седницата, одржана на 31.3.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ДАВАЊЕ СОГЛАСНОСТ НА РЕШЕНИЕТО ЗА ОТСТАПУВАЊЕ НА ОДЗЕМЕН ПРЕДМЕТ СО ПРАВОСИЛНА ПРЕСУДА НА ЈП „СТРЕЖЕВО“ – БИТОЛА

Член 1

Со оваа одлука се дава согласност на Решението за отстапување на одземен предмет со правосилна пресуда на ЈП „Стрежево“ - Битола бр.09-1302/1 од 13.3.2015 година.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија“.

Бр.42-2968/6
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

2073.

Врз основа на член 36 став 6 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија” бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13 и 139/14), Владата на Република Македонија, на седницата одржана на 31.3.2015 година, донесе

Р Е Ш Е Н И Е
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА СОСТАВОТ НА МЕЃУРЕСОРСКО ТЕЛО ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА

1. За раководител и членови на Меѓуресорското тело за човекови права се определуваат:

а) за раководител:

- министерот за надворешни работи

б) за членови:

- државниот секретар во Министерството за надворешни работи,
- државниот секретар во Министерството за правда,
- државниот секретар во Министерството за труд и социјална политика,
- државниот секретар во Министерството за внатрешни работи,
- државниот секретар во Министерството за образование и наука,
- државниот секретар во Министерството за здравство,
- државниот секретар во Министерството за финансии,
- државниот секретар во Министерството за информатичко општество и администрација,
- државниот секретар во Министерството за култура,
- државниот секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање,
- државниот секретар во Секретаријатот за европски прашања,

- државниот секретар во Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор,
- претседателот на Комисијата за односи со верските заедници и религиозни групи,
- директорот на Државниот завод за статистика,
- директорот на Дирекцијата за заштита на личните податоци и
- директорот на Агенцијата за остварување на правата на заедниците.

в) за надворешни членови:
- заменикот на Народниот правобранител на Република Македонија,
- претседателот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,
- претседателот на Комисијата за заштита од дискриминација и
- претседателот на Комисијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.

2. Со денот на влегување во сила на ова решение, престанува да важи Решението за определување на составот на Меѓуресорското тело за човекови права („Службен весник на Република Македонија" бр. 147/12).

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр.42-2798/2
31 март 2015 година
Скопје

Заменик на претседателот
на Владата на Република
Македонија,
м-р **Владимир Пешевски**, с.р.

МИНИСТЕРСТВО ЗА КУЛТУРА

2074.

Врз основа на член 88-т став (3) од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" бр.20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14 и 199/14), министерот за култура, донесе

П Р А В И Л Н И К
ЗА ФОРМАТА, СОДРЖИНАТА И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА РЕГИСТАРОТ НА ИЗДАДЕНИТЕ, ОДЗЕМЕНИТЕ И ПРОДОЛЖЕНИТЕ КОНЗЕРВАТОРСКИ ЛИЦЕНЦИ, КАКО И КОНЗЕРВАТОРСКИТЕ ЛИЦЕНЦИ КОИ ПРЕСТАНАЛЕ ДА ВАЖАТ

Член 1

Со овој правилник се пропишува формата, содржината и начинот на водење на регистарот на издадените, одземените и продолжените конзерваторски лиценци, како и конзерваторските лиценци кои престанале да важат (во натамошниот текст: регистарот).

Член 2

Регистарот се води на образец кој ги содржи следните податоци организирани во рубрики:

- „реден број" каде што се запишува редниот број под кој лицето кое поседува конзерваторска лиценца се заведува во регистарот;
- „име и презиме" каде што се запишува името и презимето на лицето кое поседува конзерваторска лиценца;
- „адреса, телефонски број и електронско сандаче за прием на писмена на лицето кое поседува конзерваторска лиценца " каде што се запишуваат адресата на живеалиште, односно престојувалиште на лицето кое поседува конзерваторска лиценца, неговиот телефонски број, како и електронската адреса на која лицето кое поседува конзерваторска лиценца ќе прима писмена;
- „датум на полагање на испитот за добивање на конзерваторска лиценца" каде што се запишува датумот кога лицето го полагало испитот за добивање на конзерваторска лиценца;
- „број на конзеваторската лиценца и датум на издавање на конзерваторската лиценца" каде што се запишува бројот на конзерваторската лиценца и датумот на издавање на конзерваторската лиценца;
- „број на актот за замена и датум и причина за замена на издадената конзерваторска лиценца" каде што се запишува бројот на актот за замена и датумот на замена на издадената конзерваторска лиценца, како и причините за замена (промена на лични податоци на нејзиниот носител, неупотребливост поради оштетување или губење);
- „број на актот за одземање на конзерваторската лиценца и датум и причина за одземање и престанок на конзерваторската лиценца" каде што се запишува бројот на донесениот акт за одземање на конзерваторската лиценца и датумот кога конзерваторската лиценца била одземена, односно престанала да важи како и причината за нејзино одземање;
- „податоци за работодавачот на лицето кое поседува конзерваторска лиценца (назив, адреса и телефонски број)" каде што се запишува називот, адресата и телефонскиот број на органот на државната управа, високообразовната установа, научната установа, стручната установа, трговското друштво, односно трговецот поединец во кое е вработено лицето кое поседува конзерваторска лиценца или дека е самовработено лице.

Образецот од ставот 1 на овој член е даден во прилог и е составен дел на овој правилник.

Член 3

Регистарот се води во електронска форма.

Извод од регистарот се отпечатува на хартија на квартално ниво.

Уписот во Регистарот се врши според датумот и редоследот на издавање на конзерваторската лиценца.

Член 4

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службениот весник на Република Македонија".

Бр. 55-4847/1
2 април 2015 година
Скопје

Министер за култура,
д-р **Елизабета Канческа Милевска**,с.р.

Прилог

Реден број	Име и презиме	Адреса, телефонски број и електронско сандаче за прием на писмена на лицето кое поседува конзерваторска лиценца	Датум на полагање на испитот за добивање на конзерваторска лиценца	Број на конзерваторската лиценца и датум на издавање на конзерваторската лиценца	Број на актот за замена и датум и причина за замена на издадената конзерваторската лиценца	Број на актот за одземање на конзерваторската лиценца и датум и причина за одземање и престанок на конзерваторската лиценца	Податоци за работодавачот на лицето кое поседува конзерваторска лиценца (назив, адреса и телефонски број)

АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

2075.

Врз основа на член 69 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14), Советот на Агенцијата, на седницата одржана на 17.2.2015 година, донесе

П Л А Н
ЗА НАМЕНА И РАСПРЕДЕЛБА НА КАПАЦИТЕТИ НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС НА ОПЕРАТОР НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА КОЈ ИМА ОБВРСКА ЗА ЕМИТУВАЊЕ НА ПРОГРАМСКИТЕ СЕРВИСИ НА РАДИОДИФУЗЕРИТЕ

I. ПРЕДМЕТ

Член 1

Со овој План се определува намената и распределбата на преносни капацитети на дигитален семестријален мултиплекс на оператор на јавна електронска комуникациска мрежа кој има обврска за емитување на програмските сервиси на радиодифузерите.

Член 2

Намената и распределбата се вршат согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, Законот за електронските комуникации и одредбите од финалните акти на Регионалната конференција за радиокомуникации за планирање на дигитални терестријални радиодифузни служби во деловите од Регионите 1 и 3, во фреквенциски опсези 174-230 MHz и 470–862 MHz (во понатамошниот текст RRC-06), како и Регионалната спогодба за спроведување на финалните акти на RRC-06 од Меѓународната унија за телекомуникации (ITU).

II. ДЕФИНИЦИИ

Член 3

Одделни изрази употребени во овој План го имаат следново значење:

1. Зона на распределба (Allotment zone) е географско подрачје дефинирано со географски точки т.н. тест точки кои ги претставуваат границите на зоната.

Во зоната на распределба се применува планирање на принцип доделба на фреквенции во границите на зоната. Доделените фреквенции се во согласност со RRC 06.

2. Радиодифузна дејност на регионално ниво е радиодифузна дејност што ја врши радиодифузер што обезбедува гледаност на најмалку 80% од населението на подрачје на зоната на распределба.

3. Дигитален терестријален мултиплекс (MUX) е стандардизиран проток на низа од сигнали кој содржи телевизиски и радио програмски сервиси, дополнителни услуги и други придружни информации и податоци и кој до крајните корисници се емитува преку еден терестријален радиофреквенциски канал.

4. Дигитален терестријален систем е електронска комуникациска мрежа која содржината на дигитален терестријален мултиплекс ја емитува до крајните корисници по пат на терестријална радиокомуникација.

5. Слободено емитување (Free-to-air) е емитување на некодирано радио и телевизиски сервиси наменети за јавноста.

6. EPG- (Electronic program guide) - Електронски водич за програми е функција која овозможува информација за распоредот на содржините на телевизиски сервиси и директен пристап до содржините.

7. MPEG - (Moving Picture Expert Group) – Стандарди за компресија на дигитално видео.

8. SD – (Standard Definition) – Стандардна дефиниција на слика.

9. HD – (High Definition) – Висока дефиниција на слика.

10. DVB-T – (Digital Video Broadcasting Terrestrial) – Терестријална дигитална радиодифузија.

11. API – (Applcation Program Interface) - Апликациски програмски интерфејс (АПИ) е софтверски интерфејс меѓу апликации кои ги нудат радиодифузерите или даватели на услуги и средства на современа дигитална телевизиска опрема за дигитални телевизиски и радио услуги.

III. НАМЕНА НА ДИГИТАЛНИТЕ ТЕРЕСТРИЈАЛНИ МУЛТИПЛЕКСИ

Член 4

За дигитално емитување на радио и телевизиски програмски сервиси наменети се четири (4) мултиплекси.

Мултиплексите MUX4 и MUX5 се доделени на користење на ЈП Македонска радиодифузија, а се наменети за дигитално емитување на Јавните програмски сервиси на ЈП Македонската радио телевизија.

Мултиплексите MUX6 и MUX7 се наменети за слободно (free-to-air) дигитално емитување на радио и телевизиски програмски сервиси на трговските радиодифузни друштва кои имаат добиено дозвола за радио или телевизиско емитување од Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, за слушаност, односно гледаност на државно и регионално ниво.

IV. РАСПРЕДЕЛБА НА ПРЕНОСНИТЕ КАПАЦИТЕТИ НА ДИГИТАЛЕН ТЕРЕСТРИЈАЛЕН МУЛТИПЛЕКС

Член 5

ЈП Македонска радиодифузија за мултиплексите MUX4 и MUX5 како и операторот на јавна комуникациска мрежа за мултиплексите MUX6 и MUX7 должни се да ги исполнат техничките карактеристики на DVB-T мрежата (EN 300 744) и да обезбедат покриеност со сигнал на најмалку 80% од населението во Република Македонија, односно од населението на соодветниот регион.

Минималниот преносен капацитет на мултиплексите MUX4, MUX5, MUX6 и MUX7 изнесува 22 Mbps, за секој мултиплекс поединечно.

Член 6

Преносните капацитети на мултиплексите MUX4, MUX5, MUX6 и MUX7 треба да обезбедат пренос на телевизиски програмски сервиси во стандардна дефиниција (SDTV) и во висока дефиниција (HDTV) со стандардот за аудио и видео кодирање (кодирање на слика и тон) ITU-T H.264 | ISO/IEC 14469 или MPEG 4 AVC).

Член 7

За содржините на телевизиските сервиси со стандардна дефиниција (SDTV) потребен проток на податоци изнесува од 1,5 – 2,5 Mbps, вклучувајќи го и преносот на дополнителните услуги.

За содржините на телевизиските сервиси со висока дефиниција (HDTV) потребен проток на податоци изнесува од 4 – 8 Mbps, вклучувајќи го и преносот на дополнителните услуги.

Технички параметри за аудиовизуелни содржини со стандардна дефиниција (SD) и со висока дефиниција (HD) се прикажани во Прилог 1.

Член 8

Операторите на дигитални мултиплекси се обврзани да обезбедат електронски водич за програми (EPG) за секој телевизиски програмски сервис врз основа на податоците добиени од страна на радиодифузерите.

Член 9

Операторите на дигитални мултиплекси обезбедуваат пренос на следните дополнителни услуги :

– повеќе јазично титлување, обезбедено од трговските радиодифузни друштва;

– повеќе канален тон, обезбеден од трговските радиодифузни друштва;

– телетекст, обезбеден од трговските радиодифузни друштва;

– отворен API.

Член 10

Капацитетот на поединечен MUX (од најмалку 22 Mbps) е доволен за емитување на десет (10) телевизиски програмски сервиси со стандардна дефиниција или три (3) телевизиски програмски сервиси со висока дефиниција.

Член 11

Распоредот на телевизиските програмски сервиси на радиодифузерите во електронскиот водич за програма (EPG) за MUX6 и MUX7 го определува Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги еднаш годишно, според нивото на емитување (државно или регионално) и податоците за уделот во гледаноста. Првиќе бидат програмските сервиси на јавниот радиодифузен сервис „Македонска радио-телевизија“ потоа програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва на државно ниво, што се емитуваат преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, па програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва на регионално ниво што се емитуваат преку преносен капацитет на дигитален терестријален мултиплекс, според официјалните податоци за гледаноста од претходната година.

V. ЗОНИ НА РАСПРЕДЕЛБА И МУЛТИПЛЕКСИ

Член 12

Согласно Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, подрачја на емитување на регионално ниво се сметаат зоните на распределба дефинирани во RRC-06 освен зоната на распределба Д1 - Црн Врв за мултиплексите MUX6 и MUX7. За мултиплексите MUX6 и MUX7 зоната на распределба Д1 – Црн Врв е поделена на два региона за емитување и тоа Скопје и Велес, односно подрачје на регионално ниво Скопје и подрачје на регионално ниво Велес. Подрачјето на емитување на регионално ниво Скопје ги содржи градот Скопје и општините Чучер Сандево, Арачиново, Илинден, Петровец, Зелениково, Студеничани и Сопиште. Подрачјето на емитување на регионално ниво Велес ги содржи општините Велес, Чашка, Свети Николе, Лозово, Градско, Росоман, Неготино и дел од општината Кавадарци.

Во Прилог 2 се дадени подрачјата на емитување на регионално ниво.

Во Прилог 3 е дадена распределбата на мултиплекси во подрачјата за емитување.

Член 13

Јавните програмските сервиси на ЈП Македонската радио-телевизија и програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на државно ниво, се емитуваат во сите зони на распределба.

Програмските сервиси на трговските радиодифузни друштва кои емитуваат програма на регионално ниво се емитуваат во подрачјето за емитување за кое имаат добиено дозвола за вршење на радиодифузна дејност.

VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 14

Со денот на влегувањето во сила на овој План престанува да важи Планот за намена и распределба на преносни капацитети на дигитален терестријален мултиплекс („Службен весник на Република Македонија“ бр.168/12 и 73/13).

Член 15

Овој План, влегува во сила осмиот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Македонија“, а ќе се објави по добивањето на согласност од Владата на Република Македонија.

Бр. 01-1268/1
17 февруари 2015 година
Скопје

Агенција за аудио
и аудиовизуелни
медиумски услуги
Претседател на Советот,
Лазо Петрушевски, с.р.

Прилог 1. **Технички параметри за аудиовизуелни содржини со стандардна дефиниција (SD) и со висока дефиниција (HD):**

	SD	HD (1080)
Брзина на видео рамка	25 Hz p (progressive) / 50 Hz i (interlaced)	25 Hz p (progressive) /50 Hz i (interlaced)
Формат на слика	4:3 или 16:9	16:9
Резолуција	720 x 576	1280 x 720 /1920 x 1080
Аудио фреквенција на семплирање	48 kHz	48 kHz
Проток на податоци	1,5 – 2,5 Mbps	4 – 8 Mbps

Прилог 2. **Подрачјата на емитување**



Прилог 3. **РАСПРЕДЕЛБА НА МУЛТИПЛЕКСИ ВО ПОДРАЧЈАТА ЗА ЕМИТУВАЊЕ**

		ЈП Македонска радиодифузија		**ОПЕРАТОР НА ЈАВНА ЕЛЕКТРОНСКА КОМУНИКАЦИСКА МРЕЖА**	
Ознака	Име на зона (регион)	MUX 4	MUX 5	MUX 6	MUX 7
Д1	Црн Врв/ Скопје	23	52	33	45
Д1	Црн Врв/ Велес	23	52	40	47
Д2	Страцин	37	42	50	56
Д3	Туртел	24	39	38	55
Д4	Боскија	34	41	57	54
Д5	Пелистер	22	37	38	42
Д6	Мали Влај	26	36	44	50
Д7	Стогово	28	43	35	31
Д8	Попова Шапка	27	36	41	50

Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски и услуги

РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

2076.

Врз основа на член 22, алинеја 5 од Законот за енергетика („Службен весник на РМ“ бр. 16/2011, 136/2011, 79/2013, 164/2013 , 41/2014 и 151/2014), член 28 од Законот за акцизите („Службен весник на РМ“ бр. 32/2001, 50/2001, 52/2001, 45/2002, 98/2002, 24/2003, 96/2004, 38/2005, 88/2008, 105/2009, 34/10, 55/2011, 135/11, 82/13, 98/13, 43/14 и 167/14), член 28 и 29 од Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на РМ“ бр. 44/99, 86/99, 08/2001, 21/2003, 19/2004, 33/2006, 101/2006, 114/2007, 103/2008, 114/2009, 133/2009, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14 и 130/14), Законот за животната средина („Службен весник на РМ“ бр. 53/2005) и Уредбата за начинот на утврдување, пресметување и уплатување на надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати што се плаќаат при увоз и/или производство на нафтени деривати („Службен весник на РМ“ бр. 138/09 и 52/11), Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, на седницата одржана на 6.4.2015 година, донесе

О Д Л У К А
ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НАЈВИСОКИ ЦЕНИ НА ОДДЕЛНИ НАФТЕНИ ДЕРИВАТИ УТВРДЕНИ СОГЛАСНО МЕТОДОЛОГИЈАТА

Член 1

Претпријатијата кои произведуваат деривати од нафта можат да ги формираат цените на одделни нафтени деривати така што највисоките производни цени да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС – 95	до 30,672
- ЕУРОСУПЕР БС – 98	до 32,382
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 28,764
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 28,323
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 20,947

Член 2

Претпријатијата и другите правни и физички лица, што вршат промет на нафтени деривати и увозници (во натамошниот текст: претпријатија) ги формираат цените за одделни нафтени деривати така што :

А. Највисоките малопродажни цени (1 ГРУПА НА ЦЕНИ) да изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 67,50
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 69,50
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 53,00
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 42,00
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 26,240

Б. Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да ги формираат цените за одделни нафтени деривати во однос на највисоките цени од точката А на став 1 на овој член (1 ГРУПА НА ЦЕНИ), освен од подточката “г” и тоа: за 0,5 ден/лит пониски (2 ГРУПА НА ЦЕНИ), за 1,00 ден/лит пониски (3 ГРУПА НА ЦЕНИ) и за 1,5 ден/лит пониски (4 ГРУПА НА ЦЕНИ), согласно следната табела и да изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ) ден/лит
ЕУРОСУПЕР БС - 95	67,00	66,50	66,00
ЕУРОСУПЕР БС - 98	69,00	68,50	68,00
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	52,50	52,00	51,50
Е Л -1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	41,50	41,00	40,50

Претпријатијата што вршат промет на нафтени деривати можат да вршат промет на секој дериват поодделно по една од цените утврдени за тој дериват во една од групите на цени определени согласно оваа одлука.

Цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен цената за мазутот М-1 НС, важат франко пумпна станица, а цената на мазутот М-1 НС важи франко производител во земјата.

Во цените од сите четири ценовни групи формирани согласно став 1 на овој член, освен во цената за мазутот М-1 НС , содржани се и трошоците за превоз од 0,50 ден/литар.

Во малопродажните цени формирани согласно овој член содржан е данокот на додадена вредност согласно Законот.

Член 3

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за финансирање на активностите во областа на животната средина кои согласно Законот за животната средина го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 0,080
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 0,080
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 0,030
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 0,040
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,050

Член 4

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа Одлука содржан е надоместокот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати кои согласно Законот за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати го плаќаат обврзниците утврдени со овој закон при увоз и/или производство на нафтени деривати и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 0,890
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 0,890
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 0,300
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 0,300
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,740

Член 5

Во малопродажните цени утврдени со членот 2 од оваа одлука акцизите кои ги плаќаат обврзниците согласно Законот изнесуваат и тоа:

а) Моторни бензини	ден/лит
- ЕУРОСУПЕР БС - 95	до 21,861
- ЕУРОСУПЕР БС - 98	до 21,846
б) Дизел гориво	ден/лит
- ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	до 12,121
в) Масло за горење	ден/лит
- екстра лесно 1 (ЕЛ-1)	до 3,230
г) Мазут	ден/кг
- М-1 НС	до 0,100

Член 6

Во малопродажните цени утврдени согласно членот 2 од оваа одлука, трошоците на прометот на секој поодделен нафтен дериват од секоја ценовна група изнесуваат:

НАФТЕН ДЕРИВАТ	Ед. мерка	(1 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(2 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(3 ГРУПА НА ЦЕНИ)	(4 ГРУПА НА ЦЕНИ)
ЕУРОСУПЕР БС - 95	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОСУПЕР БС - 98	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
ЕУРОДИЗЕЛ БС (Д-Е V)	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
Е Л 1 - ЕКСТРА ЛЕСНО 1	ден/лит	3,200	2,776	2,353	1,929
МАЗУТ М-1 НС	ден/кг	0,400	0,400	0,400	0,400

Член 7

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува од 00:01 часот на 7.4.2015 година и истата ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија" и на веб-страницата на Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија.

Бр. 02-766/1
6 април 2015 година
Скопје

Претседател,
Димитар Петров, с.р.

АД ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ - СКОПЈЕ

2077.

Врз основа на член 23 од Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје (пречистен текст), член 418 од Законот за трговските друштва („Службен весник на Република Македонија" бр. 28/04, 84/05, 25/07, 87/08, 42/10, 48/10, 24/11, 166/12, 70/13, 119/13,120/13 и 187/13) а согласно Одлуката за дополнување на Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје бр.42-853/1 од 17.02.2015 година донесена од страна на Владата на Република Македонија и овластувањето од Владата на Република Македонија содржано во член 4 од Одлуката за дополнување на Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје бр. 42-853/1 од 17.2.2015 година, Одборот на Директори на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје, на седницата одржана на 27.3.2015 година, донесе

С Т А Т У Т
НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО ЗА СТОПАНИСУВАЊЕ СО ДЕЛОВЕН ПРОСТОР ВО ДРЖАВНА СОПСТВЕНОСТ-СКОПЈЕ
(ПРЕЧИСТЕН ТЕКСТ)

I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој Статут се врши усогласување на текстот на Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост – Скопје бр.51-6246/6 од 05.04.2011 година и бр.02-2235/8 од 02.09.2013 година, согласно извршените изменувања и дополнувања на истиот со Одлуката за измена на Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје бр.02-1964/4 од 30.07.2013 година донесена од Одборот на Директори на Акционерското Друштво и Одлуката за дополнување на Статутот на Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост –Скопје бр.02-688/2 од 16.02.2015 година донесена од Одборот на Директори на Акционерското друштво.

Предмет и основање

Член 2

Со овој Статут се уредуваат: фирмата и седиштето на друштвото; заштитниот знак, печатот и штембилот; предметот на работење на друштвото; износот на ос-

новната главнина; номиналната вредност на акциите, бројот на акциите, правата и ограничувањата на акционерите, обврските, ограничувањата и погодностите; предностите што за себе ги задржува основачот, постапката за свикување и одржување на собранието; фирмата, седиштето, ЕМБС на основачот; видот, составот и начинот на избор на органот на управување и неговата надлежност; внатрешната организација; формата и начинот на објавувањата што ги врши Акционерското друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост (во натамошниот текст: Друштвото); како и други прашања што се од значење за Друштвото.

Член 3

Друштвото се основа согласно Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр.105 /09)

Друштвото претставува правен следбеник на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија во поглед на имотот, средствата, вработените, правата и обврските поврзани со дејноста за стопанисување со деловен простор и акциите на ЈПССДП на Република Македонија од Градскиот трговски центар АД Скопје, согласно членот 5 од Законот за трансформација на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија.

Член 4

Во име на основачот, Владата на Република Македонија ги презема без јавен повик сите акции и потпишува изјава-симултано основање.

Фирма и седиште

Член 5

Друштвото работи и учествува во правниот промет под фирма: Акционерско друштво за стопанисување со деловен простор во државна сопственост - Скопје

Скратен назив на фирмата е: АД за стопанисување со деловен простор во државна сопственост-Скопје

Во меѓународниот правен промет Друштвото ќе го употребува називот: Joint stock company for management of commercial properties in state ownership of Republic of Macedonia – Skopje.

Член 6

Седиштето на Друштвото е на улица „Стале Попов“ бр.9 мезанин локал бр.5 Скопје.

Член 7

Друштвото има печат, штембил и заштитен знак.

Формата на печатот, штембилот и заштитниот знак ќе се утврдат со посебен акт на Одборот на директори.

Предмет на работење

Член 8

Предмет на работење на Друштвото се дејностите што се однесуваат на стопанисувањето со деловниот простор во државна сопственост, и тоа особено :

Стопанисување со деловен простор во државна сопственост; инвестиционо и тековно одржување на деловен простор во државна сопственост; подобрување на условите за користење на деловните простории во државна сопственост; утврдување на висината на закупот, односно склучување на договор за закуп; водење на единствена евиденција на деловниот простор во државна сопственост со кој стопанисува; продажба на деловен простор во државна сопственост и други работи.

Во Централниот регистар на Република Македонија се впишува Општата клаузула за бизнис, односно во рамките на своето работење во внатрешно-трговскиот промет и во надворешно-трговскиот промет Друштвото ќе ги извршува сите дејности кои не се забранети со закон, освен оние за кои е потребна посебна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

Приоритетна дејност на Друштвото е:

- 68.20 Издавање и управување со сопствен недвижен имот или недвижен имот земен под закуп (лизинг).

II. ОСНОВНА ГЛАВНИНА

Износ на основната главнина

Член 9

Основната главнина на друштвото утврдена со проценката од независен проценител изнесува 17.429.951 евра, односно 1.072.098.856,00 денари, според средниот курс на Народната банка на Република Македонија објавен на денот пред усвојувањето на Статутот.

Акција

Член 10

Основната главнина на Друштвото е распоредена на 10.000 обични акции кои ги поседува акционерот – Република Македонија, со номинална вредност од 1.743 евра за една акција односно 107.209,50 денари според средниот курс на Народната банка на Република Македонија објавен на денот пред усвојувањето на Статутот.

Сите права поврзани со акциите се уредуваат со одлука на собранието на Друштвото.

III. ФИРМА, СЕДИШТЕ И ЕМБС НА ОСНОВАЧОТ

Член 11

Фирмата на основачот е: Влада на Република Македонија.

Седиштето на основачот е во Скопје на ул.„Илинденска“ б.б.

ЕМБС е 4064674.

IV. ПРЕДНОСТИ НА ОСНОВАЧОТ

Член 12

Основачот не задржува посебни предности за себе.

V. ОРГАНИ НА ДРУШТВОТО

Член 13

Органи на Друштвото се:
- Собрание и
- Одбор на директори.

VI. СОБРАНИЕ

Член 14

Правата и обврските на Собранието на Друштвото ги врши Владата на Република Македонија.

Член 15

Собранието на Друштвото се свикува под услови и случаи определени со Законот за трговските друштва.

Годишното собрание мора да се свика најдоцна три месеца по составувањето на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година, а не подоцна од шест месеци од завршувањето на календарската година или 14 месеци од одржувањето на последното годишно собрание.

Собрание на Друштвото може да се свика и во времето меѓу две годишни собранија, во случаи предвидени со Законот за трговските друштва.

Надлежности на собранието

Член 16

Собранието одлучува само за прашањата изречно определени со закон и со овој статут, а особено за:

- донесување и измени на статутот на Друштвото;
- одобрување на годишната сметка, на финансиските извештаи и на годишниот извештај за работата на Друштвото во претходната деловна година и одлучување за распределбата на добивката;
- избор и отповикување на членовите на Одборот на директори;
- одобрување на работата и на водењето на работењето со Друштвото на членовите на Одборот на директори;
- одобрување на менаџерскиот договор што се склучува помеѓу Друштвото и член на Одборот на директори;
- промена на правата врзани за одделни родови и класи акции;
- зголемување и намалување на основната главнина на Друштвото;
- издавање акции и други хартии од вредност;
- назначување овластен ревизор за ревизија на годишната сметка и на финансиските извештаи;
- преобразба на друштвото во друга форма на Друштво, како и за статусните промени на Друштвото;
- одлучување за покривање на загубите на Друштвото и
- престанување на Друштвото.

VII. УПРАВУВАЊЕ СО ДРУШТВОТО

Член 17

Управувањето со Друштвото е организирано според едностепен систем, при што орган на управување на Друштвото е Одбор на директори.

Состав и начинот на избор на членови на Одборот на директори

Член 18

Одборот на директори е составен од 5 (пет) члена, од кои 1(еден) извршен и 4 (четири) неизвршни членови, при што 1 (еден) од неизвршните членови е независен член.

Членовите на Одборот на директори се избираат за време од 4 години со право на реизбор.

Собранието ги избира членовите на Одборот на директори со мнозинство гласови од вкупниот број гласови.

При изборот на членовите на Одборот на директори се назначува кој член се избира како независен член на Одборот на директори. Независниот член на Одборот на директори се избира од редот на неизвршните членови на Одборот на директори.

Од избраните членови Одборот на директори назначува извршен член на Одборот на директори, со мнозинство гласови од вкупниот број членови на Одборот на директори.

Извршниот член на Одборот на директори го носи називот Генерален директор.

Неизвршен член на Одборот на директори не може да биде избран во повеќе од пет Одбори на директори како неизвршен член, како ни во повеќе од пет надзорни одбори на акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

Извршниот член на Одборот на директори не може да биде избран за извршен член, односно член на управен одбор во други акционерски друштва со седиште во Република Македонија, но може да биде избран за неизвршен член, како и за член на надзорен одбор најмногу во пет други акционерски друштва со седиште во Република Македонија.

Претседател на Одборот на директори

Член 19

Одборот на директори, од редот на своите неизвршни членови, со мнозинство гласови од вкупниот број на членови на одборот на директори, избира претседател на одборот.

Одборот на директори може да го разреши претседателот во кое било време и да избере нов претседател.

Претседателот на одборот на директори ги свикува и претседава со состаноците, одговорен е за водењето евиденција за состаноците и организирањето на другите начини (форми) на работа и одлучување на Одборот на директори.

Ако претседателот од кои и да е причини не е во можност да ја врши функцијата претседател или ако е отсутен, со состаноците на Одборот на директори претседава друг неизвршен член, со мнозинство гласови на присутните членови на Одборот на директори.

Права и обврски на членовите на Одборот на директори

Член 20

Членовите на Одборот на директори, во согласност со нивната положба имаат исти права и обврски, без оглед на тоа како се распределени правата и обврските меѓу нив во органот. Работите ги вршат според овластувањата определени со закон и според работите што им се доверени со закон и со овој Статут.

Одборот на директори на својот конститутивен состанок донесува Деловник за работа.

Член 21

Правата и обврските на извршниот член на Одборот на директори, покрај правата и обврските определени со закон, може да се определат со Договор за уредување на односите меѓу Друштвото и извршниот член на Одборот на директори (Менаџерски договор).

Договорот од став 1 од овој член со извршниот член, од името на Друштвото го склучуваат неизвршните членови на Одборот на директори, а го потпишува претседателот на Одборот на директори по претходно добиена согласност од Владата на Република Македонија, во својство на собрание на друштвото.

Овластувања и надлежност на Одборот на директори

Член 22

Одборот на директори во рамките на овластувањата определени со законот и статутот и овластувањата што изречно му се дадени од Собранието, управува со Друштвото. Одборот на директори има најшироки овластувања во управувањето со Друштвото во рамките на предметот на работењето на Друштвото и во дејствувањето во сите околности од името на Друштвото, со исклучок на овластувањата што изречно им се дадени на неизвршните членови на Одборот на директори.

Член 23

Одборот на директори во рамките на својата надлежност, ги врши следните работи:

- ја утврдува деловната политика;
- донесува Програма за работа и развоен план на Друштвото, Годишен оперативен план за работа, Годишен финансиски план, Годишен план за јавни набавки, Програма за инвестициони вложувања;
- поднесува тримесечни извештаи кои содржат показатели за финансиското работење на Друштвото до Собранието на Друштвото;
- го усвојува елаборатот за попис на средствата, побарувањата, и обврските на Друштвото;
- усвојува годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото по истекот на деловната година;
- одлучува за расходување и отуѓување на основни средства;
- поднесува предлог за изменување и дополнување на Статутот;
- одобрува склучување на договори од поголемо значење и со подолг период на траење кои не се опфатени со планот за јавни набавки;
- донесува одлука за употреба на посебната резерва заради покривање на загубата на Друштвото;
- одлучува за вршење отпис на средствата, побарувањата и обврските;
- одлучува за склучување на колективниот договор;
- одлучува за внатрешната организација и систематизација на работните места;
- одлучува за назначување на лица со посебни овластувања и одговорности (раководни лица кои го вршат секојдневното водење на работењето на Друштвото);
- ги донесува општите акти на Друштвото;
- на барање на Собранието на Друштвото подготвува општи акти и одлуки, чие донесување е во негова надлежност;
- одлучува за разрешување на работниците со посебни овластувања и одговорности (раководни лица);
- се грижи и презема потребни дејствија за исполнување на со Закон пропишаните обврски на Друштвото;
- формира комисии од редот на членовите на Одборот на директори и од други лица;
- одлучува за издавање под закуп на основните средства на Друштвото;
- одлучува за барање од надлежен орган и институции;
- одлучува само за службените патувања во странство кога во службената делегација патуваат повеќе од тројца вработени;
- ги определува овластените потписници на Друштвото;
- ги утврдува цените на услугите на Друштвото со писмена одлука;
- врши и други работи кои не се во надлежност на Собранието на Друштвото,
- одлучува во втор степен по приговори на работници за правата, обврските и одговорностите на работниците од работниот однос;
- одлучува за технолошки, економски, организациони и слични промени и за отказ на договорот за вработување од деловни причини и
- одлучува и за други работи кои со закон, овој статут, колективен договор и други акти се ставени во негова надлежност.

Овластување на извршниот член

Член 24

Генералниот директор го води работењето на Друштвото и има најшироки овластувања да ги врши работите поврзани со раководењето, спроведувањето на одлуките на Одборот на директори и вршење на тековните активности на Друштвото и да дејствува во сите околности во име на Друштвото, со исклучок на овластувањата што со закон изречно им се дадени на Одборот на директори.

Генералниот директор го претставува и застапува Друштвото во односите со трети лица.

Генералниот директор може да даде овластување на други лица за застапување на Друштвото на начин утврден со закон.

Член 25

Во остварувањето на своите овластувања, Генералниот директор ќе ги извршува следниве активности:

- предлага и спроведува деловна политика на друштвото;
- предлага програми и планови на Друштвото и се грижи за нивно спроведување;
- му поднесува на одборот на директори најмалку еднаш во три месеци извештај за работењето на Друштвото, а по истекот на деловната година и годишна сметка, годишни финансиски извештаи и годишен извештај за работењето на Друштвото;
- раководи со деловниот процес и активностите, непосредно и преку раководните работници на Организационите единици;
- ги извршува одлуките на Одборот на директори и на Собранието на Друштвото;
- дава предлози за утврдување на внатрешната организација на Друштвото;
- до одборот на директори доставува предлози по кои расправа и одлучува Собранието;
- одлучува по однос на вработувањето, распоредување и престанување на работниот однос во согласност со закон и другите прописи на Друштвото;
- одлучува за правата и обврските од работен однос, прекршување на работната дисциплина, неисполнување на работните задачи и обврските на вработените за извршување на одредените задачи во согласност со закон и другите прописи на Друштвото;
- склучува договори со трети лица и
- врши и други работи определени со закон, овој статут и другите акти на Друштвото.

Овластување на неизвршните членови во вршење на надзор

Член 26

Неизвршните членови вршат надзор над работењето од страна на извршниот член.

Неизвршните членови имаат право да вршат увид и да ги проверуваат книгите и документите на друштвото, како и имотот, особено благајната на друштвото и хартиите од вредност и стока.

Неизвршните членови даваат одобрение на одлуките на Генералниот директор во кои предмет на одлучување е износ над 50.000 евра.

Неизвршните членови за вршење одделни стручни работи од надзорот можат да задолжат кое било вработено лице во друштвото или друго стручно лице.

Овластувања коишто не можат да се пренесат врз извршниот член

Член 27

Одборот на директори не може да ги пренесе сопствените овластувања на извршниот член кога се одлучува за:

- затворање (престанување) или пренос на друштво или на негов дел што учествува со над 10% во приходот на Друштвото;
- намалување или проширување на предметот на работење на Друштвото;
- суштествени внатрешни организациони промени на Друштвото што се определуваат со акт на Друштвото;
- воспоставување долгорочна соработка со други Друштва од суштествено значење за друштвото или нејзино прекинување;
- основање и престанување на трговско друштво што учествува со над една десеттина во основната главнина на Друштвото и
- основање и престанување на подружници на Друштвото.

Свикување, учество, одлучување и евиденција на состаноци на Одборот на директори

Член 28

Одборот на директори работи и одлучува на состаноци.

На состанокот на Одборот на директори се води записник,во кој задолжително се внесуваат податоци за поединечното гласање на секој член на Одборот на директори со образложение за причините за гласањето.

Одборот на директори може да работи и да одлучува ако на состанокот се присутни најмалку половина од сите негови членови.

Одлуките се донесуваат со мнозинство гласови од утврдениот кворум од ставот 3 од овој член.

Гласот на претседателот на Одборот на директори, а во негово отсуство на претседавачот кој го заменува, е одлучувачки во случај на поделба на гласовите.

Член 29

Одборот на директори одржува состанок ако тоа го налага извршувањето на работите во рамките на неговите надлежности.

Секој член на Одборот на директори, со барање поднесено во писмена форма, може со наведување на причините и целта да бара од Претседателот на Одборот на директори да свика состанок на Одборот на директори.

Ако членот кој барал свикување на состанок добие поддршка од најмалку една третина од членовите на Одборот на директори за свикување состанок, Претседателот на Одборот на директори мора да свика состанок во рок од 15 дена од денот кога е поднесено барањето.

Свикувањето на состанокот се врши со известување до сите членови на Одборот на директори, во коешто се наведуваат причините, времето и местото на одржувањето на состанокот.

Одборот на директори, во текот на годината, задолжително одржува најмалку четири редовни состаноци и тоа на секои три месеца, при што еден од нив мора задолжително да се одржи во рок од еден месец пред одржувањето на годишното собрание.

Комисии

Член 30

Одборот на директори може да формира постојани и повремени комисии составени од членови на одборот на директори, вработените во друштвото, како и други лица.

Комисиите одлучуваат за прашања што се во нивна надлежност, согласно актите на Друштвото, извршуваат определени задачи и утврдуваат определени состојби, согласно актите за нивно формирање. Комисиите не можат да одлучуваат за прашања што се во надлежност на Одборот на директори, ниту можат да им се пренесат нивните права и обврски.

Комисиите имаат претседател, членови и заменици. Вкупниот број на членовите на комисијата треба да е е секогаш непарен.

Комисиите работат во полн состав или со присуство на мнозинството од вкупниот број на членовите на комисијата, што се определува во актите со кои се формира комисијата.

Составот и начинот на работењето на комисиите поблиску се уредуваат со акт на Друштвото.

Сите активности на комисиите подлежат на одобрение од страна на Одборот на директори.

Права на членовите на Одборот на директори

Член 31

Извршниот член на Одборот на директори има право на плата, односно месечен надомест, право на осигурување на живот и друг вид осигурување, надомест на патни и на други трошоци и други права, согласно Законот за трговските друштва.

Собранието со одлука го определува месечниот паушал или паушалот по состанок на неизвршните членови на Одборот на директори. Неизвршните членови имаат право и на надомест на сите други трошоци (патни и други трошоци), право на осигурување на живот и друг вид осигурување, како и други права што се поврзани со вршењето на нивната функција (користење работни простории, потребни средства за работа и друго).

VIII. РАСПРЕДЕЛБА НА ДОБИВКАТА И ПОКРИВАЊЕ НА ЗАГУБАТА

Член 32

Распределбата на добивката на Друштвото се врши врз основа на одлука на Собранието на Друштвото на предлог на Одборот на директори, а во согласност со Годишната сметка на Друштвото.

Собранието на Друштвото на предлог на Одборот на директори може да одлучи добивката да не се дели во определената година и истата да се определи за инвестиции, развој и други намени за друштвото.

Член 33

Доколку Друштвото со Годишната сметка покаже загуба, Собранието на Друштвото одлучува за покривање на загубата.

Одлуката за покривање на загубата, Собранието на Друштвото ја донесува на предлог на Одборот на директори во кој се содржани причините за настанувањето на загубата и предлог за начинот на нејзиното покривање.

IX. РЕЗЕРВИ НА ДРУШТВОТО

Член 34

Во Друштвото се формира задолжителна општа резерва (општ резервен фонд) и посебна резерва.

Друштвото има задолжителна општа резерва како резервен фонд, кој е формиран по пат на зафаќање од нето добивката.

Оваа резерва се пресметува и се издвојува како процент и не може да биде помал од 5% од добивката, се додека резервите на Друштвото не достигнат износ којшто е еднаков на една десетина од основната главнина.Ако така создадената резерва се намали, мора да се надополни на ист начин.

Додека општата резерва не го надмине определениот износ од став 2 на овој член, може да се применува само за покривање на загубите.

Во Друштвото се создава посебна резерва заради покривање на загуба на друштвото.

Член 35

Во Друштвото се создава посебна резерва заради покривање на загуби или други издатоци:

- осигурување од ризик на вработените,
- отпремнина над одобрениот износ,
- добротворни цели, помош и спонзорства на вработените.

Средствата од став 1 се издвојуваат од општиот имот на Друштвото и тие не можат да се употребат за друга намена освен за намената за која се создадени.

Средствата за посебните резерви се водат на посебни сметки, одвоено од другите сметки на Друштвото.

Начинот на создавање и вложување, организацијата, начинот на употреба, висината на средствата, планот и програмата за користење на средствата од посебните резерви се утврдува со акт на Собранието на Друштвото.

X. ОРГАНИЗАЦИСКА СТРУКТУРА НА ДРУШТВОТО

Член 36

Друштвото предметот на работењето го врши преку Дирекција и два регионални центри: Регионален Центар –Скопје и Регионален Центар -Кичево.

Со Акт на Одборот на директори поблиску се уредува внатрешната организација и систематизација на работите кои се извршуваат во Друштвото.

XI. УРЕДУВАЊЕ НА ОДНОСИТЕ ВО ДРУШТВОТО

Член 37

Работните односи, платите и другите права од работен однос се уредуваат со Законот за работни односи, Колективен договор, Закон за трговските друштва и другите општи акти кои ги донесува Одборот на директори.

XII. АКТИ НА ДРУШТВОТО

Член 38

Овој статут е основен акт на Друштвото. Сите други акти на Друштвото треба да бидат во согласност со овој статут.

Односите на Друштвото се уредуваат со овој статут, правилници, деловници на органите на Друштвото и други општи акти.

Ако некоја одредба од друг акт на Друштвото не е во согласност со Статутот, се применуваат одредбите од Статутот.

Член 39

Актите на Друштвото влегуваат во сила со денот на донесувањето, освен ако со актот не е поинаку определено.

XIII. ФОРМА И НАЧИН НА ОБЈАВУВАЊА НА АКТИТЕ

Член 40

Објавувањето на актите на Друштвото се врши на Огласната табла на Друштвото и по електронски пат.

XIV. ДЕЛОВНА ТАЈНА

Член 41

Друштвото има право, одредени податоци со чие неконтролирано откривање може да биде нанесена штета на неговите деловни интереси, да ги прогласи за деловна тајна.

Прогласувањето на податоците за деловна тајна се утврдува со акт кој го донесува Одборот на директори.

Не може да се прогласи за деловна тајна податок, кој согласно закон и овој Статут не може да се прогласи за таен податок, или е пропишано дека е јавен податок, или постои обврска јавно да се објави.

XV. ЗАБРАНА ЗА КОНКУРЕНЦИЈА

Член 42

Членовите на Одборот на директори не смеат:

- за своја или за туѓа сметка да вршат работи коишто спаѓаат во предметот на работење на Друштвото,
- да вршат друга дејност или активност во друго друштво, со ист или сличен предмет на работење, платена или неплатена, за сопствена сметка или за сметка на друго лице,
- да бидат членови на орган на управување или член на надзорен одбор, односно контролор во друго друштво коешто има ист или сличен предмет на работење како и Друштвото и
- во просториите на Друштвото да вршат работи за своја или туѓа сметка.

XVI. ИЗМЕНА НА СТАТУТОТ

Член 43

Статутот се менува со одлука за измена на статутот.

Одлуката за измена на статутот ја донесува Собранието.

Измената на статутот влегува во сила со денот на донесувањето на одлуката за измена на статутот, освен ако со одлуката не е определен друг датум на влегување во сила.

Член 44

Иницијатива за измена и дополнување на овој статут може да поднесе:

- Одборот на директори и
- Акционерот.

Во иницијативата се образложуваат причините и потребите од измени или дополнувања на статутот.

Иницијативата ја разгледува Одборот на директори и дава мислење, доколку тој не е подносител на иницијативата.

Ако Одборот на директори ја прифати иницијативата, формира комисија за изготвување на нацрт на измените, при што дава насока за изработка. Предлогот на одлуката за измени на статутот го утврдува Одборот на директори.

Ако Одборот на директори не ја прифати иницијативата, должен е на првата наредна седница да го информира Собранието за тоа.

Собранието одлучува за причините за прифаќање или одбивање на иницијативата за измени на статутот.

XVII. ПРЕСТАНУВАЊЕ НА АКЦИОНЕРСКОТО ДРУШТВО

Член 45

Друштвото престанува со:

- одлука на Собранието за престанување на Друштвото донесена со мнозинство гласови коешто не може да изнесува под две третини од акциите со право на глас претставени на Собранието,
- правосилна одлука на судот со која е утврдена ништовност на Друштвото и на уписот на Друштвото во трговскиот регистар,
- присоединување, со спојување или со поделба на Друштвото со раздвојување со основање и со раздвојување со преземање и
- стечај.

XVIII. СОРАБОТКА СО СИНДИКАЛНАТА ОРГАНИЗАЦИЈА

Член 46

Друштвото во согласност со закон и Колективниот договор обезбедува услови за работа и делување на синдикалната организација.

Член 47

Синдикалната организација може на Одборот на директори да му поднесува предлози, мислења и забелешки во врска со остварувањето и заштитата на правата на работниците утврдени со Закон и Колективен договор.

За поднесените предлози, мислења и забелешки Одборот на директори е должен да заземе став и за тоа да ја извести синдикалната организација.

XIX. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 48

Согласно Планот за поделба на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, на Друштвото се пренесува имотот, средствата, вработените, правата и обврските на Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија поврзани со дејноста за стопанисување со деловен простор и акциите на ЈПССДП на Република Македонија од Градскиот трговски центар АД Скопје.

На вработените Друштвото им обезбедува работноправен континуитет на сите права и обврски стекнати во Јавното претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, согласно Закон.

Член 49

Овој статут влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен весник на Република Македонија".

Бр. 02-1752/6
27 март 2015 година
Скопје

Одбор на директори
Претседавач,
Исљам Ибраими, с.р.

Службен весник на Република Македонија

www.slvesnik.com.mk **contact@slvesnik.com.mk**

Издавач: ЈП СЛУЖБЕН ВЕСНИК НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, ц.о. – Скопје
бул. „Партизански одреди" бр. 29. Поштенски фах 51.
в. д. директор и одговорен уредник – м-р Тони Трајанов
телефон: +389-2-55 12 400
телефакс: +389-2-55 12 401

Претплатата за 2015 година изнесува 10.100 денари.
„Службен весник на Република Македонија" излегува по потреба.
Рок за рекламации: 15 дена.
Жиро-сметка: 300000000188798.
Депонент на Комерцијална банка, АД – Скопје.
Печат: ГРАФИЧКИ ЦЕНТАР ДООЕЛ, Скопје.

ISSN 0354-1622
2015055